12.11.2019 год.
СКОПЈЕ / БЈН
Број:09-1792/
Датум:12.11.20

ДО: Влада на Република Северна Македонија
СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ
Плоштат Пресвета Богородица, бр.3, 1000Скопје

Министерство за
финансии
Биро за јавни на

Палата „23 октом
Ул. Даме Груев (
1000 Скопје,
Република Севе
Македонија
Тел. (02) 3255 6
Е-пошта:
gabriela.papes@
k http://bjn.go

ПРЕДМЕТ: Мислење;
ВРСКА: Ваш допис бр. 05-7246/1 од 28.10.2019 год.

Почитувани,

Постапувајќи по Вашиот допис под горенаведениот број и датум, а врз основа на член 45 став 1 алинеја 3 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ" бр.24/19), Бирото за јавни набавки при Министерството за финансии го дава следново мислење:

1. Брокерските услуги не претставуваат исклучок од примена на одредбите од законот. При започнувањето на постапката за доделување на договор за јавна набавка, договорниот орган треба да ја има предвид и одредбата од член 2 став 1 точка 1 од законот, според која договор за јавна набавка е договор склучен во писмена форма меѓу еден или повеќе економски оператори и еден или повеќе договорни органи чиј предмет е снабдување стоки, обезбедување услуги или изведување градежни работи. Согласно со наведеното, договорниот орган доколку не исплаќа средства на економскиот оператор, односно тој нема финансиски интерес со таквиот договор, тоа не би претставувало јавна набавка.

Меѓутоа, доколку договорниот орган му плаќа провизија или друг вид надомест на осигурителниот брокер со договор за вршење на осигурително брокерски работи, во тој случај, договорниот орган би требало да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка согласно со проценетата вредност.

Сепак, договорниот орган би можел услугите од брокерот за осигурување да ги добие со тоа што истиот би го вклучил во текот на постапката за јавна набавка и тоа како надворешно стручно лице, кое би и помагало на комисијата при спроведување и евалуација на техничките, финансиските и други работи поврзани со понудите.

2. Воедно, ве известуваме дека прашањето за надоместок на надворешните стручни лица, не е уредено со одредбите од Законот за

Имајќи го предвид изнесеново, потребно е договорниот орган да постапи согласно со прописите со кои се уредува работниот однос и правата кои произлегуваат од него, како и прописите и интерните процедури со кои се уредува работењето на субјектот (договорниот орган).

**„Ова е мислење на Бирото за јавни набавки при Министерството за финансии и истото нема правна сила на толкување на закон и не може да претставува основа за негово користење, или употреба како доказ пред суд или други органи или институции за остварување на одредени права во корист на подносителот.**

**Надлежен орган за давање на овластено толкување на закони е Собранието на Република Северна Македонија согласно член 68 став 1 и алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија."**

Со почит,

**в.д.Директор**
**Armir Sadiki**

Изработил: Габриела Папеш
Проверил: м-р Александар Аргировски
Согласен: м-р Рита Глигоријевска